# *Универзитетски гласник*

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

## СОДРЖИНА

**ДЕЛОВНИК** за начинот на работа на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, институтите и Сеизмолошката опсерваторија, работните и стручните тела и комисиитена Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје **................................................................2**

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018) и член 93 од Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 6.2.2020 година, донесе

## ДЕЛОВНИК
## за начинот на работа на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, институтите и Сеизмолошката опсерваторија, работните и стручните тела и комиситена Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Права и обврски на член на Наставно-научниот совет**

Член 1

Членот на Наставно-научниот совет има права и обврски утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот), со Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) и со овој Деловник.

Член 2

Членот на Наставно-научниот совет има право и должност да присуствува на седниците на Наставно-научниот совет, да се подготвува за секоја седница, и да учествува во работата и одлучувањето на Наставно-научниот совет.

Член на Наставно-научниот совет може да отсуствува од седница само од оправдани причини и е должен благовремено, во писмена форма или на друг начин, за тоа да го извести деканот преку раководителот на Одделението за правни, општи и заеднички работи во Стручната и административна служба на Факултетот.

Отсуството го оправдува со приложување доказ за причините за отсуство.

Оправдани причини за отсуство се:

- болест на наставникот, на студентот или на поблизок член на потесното семејство;
- присуство на конференции, собири, симпозиуми, состаноци и сл. во земјава и во странство;
- отсуство поради барање на надлежен орган на Универзитетот, државен орган/ суд, обвинителство и сл.

Како неприсуство на седница се смета и предвременото напуштање на седницата кое не е најавено до деканот пред почетокот на седницата на Наставно-научниот совет.

За оправданоста на отсуствата одлучува деканот.

Деканот го информира Наставно-научниот совет за оправданоста на отсуствата на неговите членови.

За членот на Наставно-научниот совет кој не го најавил своето отсуство или неоправдано отсуствувал од седница се преземаат мерки согласно со закон и актите на Факултетот, за што издава решение.

Член 3

За присуството на членовите на Наставно-научниот совет, на секоја седница посебно се води список кој го потпишуваат присутните членови на Наставно-научниот совет.

По потреба, присуството на членовите на Наставно-научниот совет се проверува и во текот на седницата.

Евиденцијата на отсутните членови на Наставно-научниот совет, на крајот од седницата на Наставно-научниот совет, ја констатира деканот во записникот.

Член 4

Членот на Наставно-научниот совет има право на седницата на Наставно-научниот совет да расправа, да предлага и да гласа за секое прашање кое е од надлежност на Наставно-научниот совет.

За предлог поднесен (даден) согласно со став 1 од овој член, Наставно-научниот совет се изјаснува со гласање на начин утврден со овој Деловник.

Членот на Наставно-научниот совет има право и должност да гласа.

Член 5

Членот на Наставно-научниот совет има право да поставува прашања во врска со дневниот ред на седницата.

Одговорите на прашањата се даваат на истата седница или на првата наредна седница.

Член 6

Извршувањето на актите на Наставно-научниот совет е задолжително за институтите и Сеизмолошката опсерваторија на Факултетот.

Деканот има право да ги свикувараководителите на институтите и Сеизмолошката опсерваторија на состаноци за тековни прашања, а по потреба и поединечно.

Член 7

Членот на Наставно-научниот совет е должен да се придржува кон усвоениот дневен ред на седницата.

Член 8

Членот на Наставно-научниот совет е должен да ја чува тајната определена и класификувана согласно со закон и актите на Факултетот.

Како тајна се сметаат податоците што членот на Наставно-научниот совет ќе ги дознае на седница на Наставно-научниот совет или на седница на работно тело и на комисија во врска со прашањето за кое се расправа без присуство на јавноста.

Како тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Наставно-научниот совет, а како такви се означени.

**Седници на Наставно-научниот совет**

Член 9

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат, по правило, еднаш во месецот, последниот четврток, врз основа на план за седници кој го донесува деканот на крајот на секоја календарска година за идната година.

Наставно-научниот совет може да одржува и вонредни седници.

За времетраењето на вонредната седница, членовите на Наставно-научниот совет се должни да ги одложат своите ангажмани и обврски.

На вонредна седница може да се расправа и да се одлучува само по прашања поради кои се закажува вонредната седница.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и во други случаи (комеморативни седници и др.).

Член 10

Седниците на Наставно-научниот совет, по правило, се јавни.

По исклучок, Наставно-научниот совет може да одлучи да работи без присуство на јавноста.

Член 11

Деканот ги свикува и раководи со седниците на Наставно-научниот совет, дава појаснувања во врска со начинот на работа на Наставно-научниот совет и се грижи за редот на седниците и за примената на овој Деловник.

По овластување на деканот, како и во случаи на спреченост на деканот, седницата ја свикува и со неа раководи еден од продеканите.

Деканот има право временски да го ограничи учеството во расправата на член на Наставно-научниот совет, доколку тоа е надвор од прашањата што се усвоени на дневниот ред или кога, заради должината на учеството во расправата, е оневозможено рамноправното учество во расправата на другите членови на Наставно-научниот совет.

Член 12

На седница можат да присуствуваат, со покана од деканот, претставници на заинтересирани организации, установи и други правни лица и поединци.

Член 13

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница, која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржувањето на седницата, предлогот на дневниот ред со материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница и записникот од претходната седница на Наставно-научниот совет .

Поканата за седница на Наставно-научниот совет се доставува до членовите на Наставно-научниот совет,по правило,најмалку 5 (пет) работни дена пред седницата.

Член 14

Предлогот на дневниот ред за седницата го утврдува деканот, во соработка со продеканите и секретарот на Факултетот.

Точки за дневен ред можат да предлагаат институтите и Сеизмолошката опсерваторија, колегиумите за втор циклусстудии, советите за докторски студии, претседателите на комисии и други постојни тела на Факултетот.

Право да предлага точки за дневен ред на седницата има и секој член на Наставно-научниот совет, доколку предлогот не е поднесен од предлагачите од став 2 на овој член, а биле должни тоа да го сторат.

Право да предлага точки за дневен ред има и Факултетското студентско собрание на Факултетот.

Предлогот се доставува во писмена форма, преку архивата на Факултетот, најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на седницата. Предлог пристигнат по овој рок нема да биде внесен во дневниот ред за претстојната седница. Предлогот се поднесува со образложение проследен со соодветен материјал во писмена форма.

Секој писмен предлог деканот и продеканите го разгледуваат и се произнесуваат за неговата целисходност. Во случај на неприфаќање на предлогот се дава писмен одговор на подносителот.

Член 15

Наставно-научниот совет, на почетокот на седницата, го усвојувапредложениот дневен ред откако ќе се утврди дека има кворум за работа и одлучување утврден со закон, со Статутот на Универзитетот и со Статутот на Факултетот.

Секој член на Наставно-научниот совет, во итни случаи (барање или предлог донесен по одржувањето на седницата на институтите и Сеизмолошката опсерваторија, а кое е врзано со рок и чие одложување би предизвикало негативни последици) може да предлага измени и дополнувања на предложениот дневен ред. Предлагачот е должен да ја образложи итноста и важноста на новата точка на дневниот ред и да достави писмен образложен предлог или предлогот усно да го образложи на седницата на Наставно-научниот совет. Предлогот се смета за прифатен ако биде поддржан со мнозинство од присутните членови на Наставно-научниот совет.

Член 16

По отворањето на седницата, секретарот на Факултетот утврдува дали има кворум.

Ако се утврди дека не присуствуваат доволен број членови на Наставно-научниот совет за работа и полноважно одлучување, седницата се одлага.

Закажаната седница се одлага и во случај кога ќе настапат причини кои го оневозможуваат одржувањето на седницата во определениот ден.

Седницата ја одлага деканот.

Доколку седницата биде одложена, нејзино продолжение се закажува во рок од 7 работни дена, со идентичен дневен ред.

Член 17

По усвојувањето на дневниот ред, Наставно-научниот совет го усвојува записникот од претходната седница. Записникот на кој не се ставени забелешки, како и записникот со усвоените забелешки и со извршените измени, се смета за усвоен.

Во записникот се евидентираат поименично присутните и отсутните членови.

Усвоениот записник го потпишуваат деканот и записничарот, по завршувањето на седницата.

Член 18

По усвојувањето на дневниот ред и на записникот, се преминува на разгледување на прашањата од дневниот ред.

Расправата започнува со излагање на предлагачот, кое не може да биде подолго од 5 (пет) минути и трае додека, по него, има пријавено учесници за збор. Секој учесник има право на дискусија од 5 (пет) минути.

Расправата по точката трае сè додека не земат збор сите пријавени учесници. Членот кој зема збор може да се јави за збор во вид на реплика само еднаш.

Член на Наставно-научниот совет може да зборува само за прашање кое е на дневен ред на седницата. Деканот го опоменува членот доколку се оддалечи од предметот на претресот и ако не се придржува на времето и бројот на јавувањата од став 2 на овој член. По предупредувањето може да му го одземе зборот.

Ако членот на Наставно-научниот совет не постапи според предупредувањето, односно одлуката на деканот од став 4 на овој член и ако ја попречува работата на Наставно-научниот совет, деканот има право да го исклучи членот од седницата.

Член 19

Правото за учество во дискусија го одобрува деканот според редоследот на пријавувањето. Ако се јават поголем број членови за дискусија, пред почетокот на расправата по точката на дневниот ред, деканот го соопштува редоследот според кој пријавените учесници ќе земат учество во расправата.

Кога се усвојува пишан текст во форма на акт или друг материјал, предлозите за измена, за дополнување или за бришење се поднесуваат како амандмани.

Член 20

Во текот на расправата, Наставно-научниот совет може, на предлог на деканот или на член на Наставно-научниот совет, да донесе одлука разгледувањето на тековното прашање од дневниот ред да се прекине за да може предметот повторно да се проучи или да се дополни материјалот, односно да се прибават потребните податоци за идната седница.

**Записник од седниците**

Член 21

За работата на седницата на Наставно-научниот совет се води записник. Во записникот се внесуваат: бројот на седницата, местото на одржување на седницата, денот и часот кога се одржува седницата, присутните членови, отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството, евентуалното одлагање или прекинување на седницата, другите присутни лица на седницата, заклучокот за усвојување на записникот од претходната седница со евентуалните измени, усвоениот дневен ред. За секоја точка од

дневниот ред се дава формулирана одлука, заклучок, мислење, став и сл. и резултатот од гласањето. Се назначува времето кога седницата е завршена или прекината, со наведување на причините за прекинот.

Членот на Наставно-научниот совет кој на седницата ќе го издвои своето мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење во вид на авторизирана дискусија, која членот е должен писмено да ја достави во рок од 7 (седум) дена по одржувањето на седницата. За процедурални прашања, секој член на Наставно-научниот совет може да побара изјаснување за одредена точка од дневниот ред.

Составен дел на записникот во архивата се актите донесени на седницата.

Член 22

Деканот има право да прекине седница на Наставно-научниот совет ако се намали бројот на присутните членови под потребниот кворум за работа и за одлучување или ако настане нарушување на редот, а деканот, и покрај своите овластувања, не е во состојба да обезбеди работа на седницата според одредбите од овој Деловник. Деканот или Наставно-научниот совет со одлука може да ја прекине седницата ако трае подолго од 3 (три) часа или ако се оцени дека не може расправата и одлучувањето по точките од усвоениот дневен ред да завршат во истиот ден. Прекинатата седница продолжува во рок од 7 (седум) дена, сметано од наредниот ден од денот на прекинувањето, без дополнување на дневниот ред.

Член 23

По исцрпувањето на прашањата од дневниот ред, деканот констатира дека седницата е завршена.

**Одлучување**

Член 24

За предложените акти од дневниот ред се води расправа и дискусија, а по нивното завршување, деканот формулира одлука, заклучок и сл., ги става на гласање и го соопштува резултатот од гласањето, со дефиниран текст на актот.

Ако во текот на расправата се дадат предлози кон предложениот акт, деканот ги формулира и ги става на гласање поединечно, според редоследот на поднесувањето, а членовите се изјаснуваат со гласање за секој поединечно, а потоа се соопштува резултатот од гласањето. На крајот се гласа за предлогот од предлагачот, целосно или со евентуалните измени, откако деканот ќе го формулира дефинитивниот предлог. На крајот, деканот го соопштува дефинитивно усвоениот акт, кој влегува во записник.

Наставно-научниот совет одлучува со мнозинство утврдено со закон, со Статутот на Универзитетот и со Статутот на Факултетот.

Актите што ги донесува Наставно-научниот совет ги потпишува деканот.

Член 25

Јавното гласање се врши со дигање рака или со прозивка (поименично гласање), според службената евиденција, за што одлучува деканот.

Тајно се гласа во случаите утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот.

Членот на Наставно-научниот совет се изјаснува со „за” или „против” предлогот, или со воздржување од гласањето.

Пред гласањето, деканот констатира дали има кворум и доколку има, се пристапува кон гласање.

По завршеното гласање, деканот ги утврдува резултатите од гласањето и врз основа на тоа објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

Член 26

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Тајното гласање го спроведува комисија од 3 (три) члена, која на предлог на деканот ја избира Наставно-научниот совет.

Гласачките ливчиња мораат да бидат во еднаква големина и со иста боја.

Гласачкото ливче ги содржи редниот број и датумот на одржувањето на седницата, прашањето за кое се гласа, кратко упатство за начинот на гласањето и печат на Факултетот.

Член 27

Пред да се премине на тајно гласање, деканот ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Член 28

Во гласачкото ливче, кога се предлага утврдување кандидати за избор, именување и сл. (во натамошниот текст: избор) на носители на одредени функции, се наведуваат функцијата за која се врши изборот и имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

При тајното гласање за избор, членовите на Наставно-научниот совет гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број

пред името и презимето на кандидатот, односно на кандидатите.

Во зависност од бројот на лицата што треба да бидат избрани, членот на Наставно-научниот совет може да гласа за точниот број на лица што треба да бидат избрани или за помал број на лица и во таков случај гласачкото ливче се смета за важечко.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, односно именува, непотполнетото гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Факултетот гласал.

Ако некој, односно ако ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува само за непополнетите места, со други кандидати, односно за сите места со други кандидати, по истата постапка.

Член 29

Тајното гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите: за и против, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Член 30

По спроведеното тајно гласање, комисијата составува записник врз основа на кој претседателот на комисијата ги соопштува резултатите од гласањето, а деканот ја формулира одлуката, која се внесува во записникот од седницата на Наставно-научниот совет.

**Акти на Наставно-научниот совет**

Член 31

Наставно-научниот совет, на своите седници, донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки и други акти, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења (во понатамошниот текст: акти).

Наставно-научниот совет на Факултетот ги донесува следниве акти:

- општи акти
- одлуки
- заклучоци
- препораки
- ставови
- редлози
- мислења
- други акти.

Член 32

Општите акти се донесуваат за регулирање на општите прашања од работата и дејноста на Факултетот и за спроведување на законите од одделни области.

Поединечни акти што ги донесува Наставно-научниот совет се донесуваат за регулирање на одделни прашања од дејноста на Факултетот, за примена и конкретизација на општите акти.

Заклучоци се донесуваат за процедурални прашања и за прашања по кои Наставно-научниот совет е надлежен да води расправа.

Со препораката се искажува став на Наставно-научниот совет по одредено прашање и се дава мислење за преземање одредени мерки.

**Деканатска управа**

Член 33

Деканатската управа работи на седници.

Седниците се одржуваат, по правило, двапати во месецот, секој прв и трет четврток во месецот, врз основа на план за седници кој го донесува деканот на крајот на секоја календарска година за идната година.

Деканатската управа може да одржува и вонредни седници.

За времетраењето на вонредната седница, членовите на Деканатската управа се должни да ги одложат своите ангажмани и обврски.

Во случаи на итност, кога за прашањето/прашањата од дневниот ред може да се гласа недвосмислено и без расправа, Деканатската управа може да одржи и електронска седница. Изјаснувањето на електронската седница е преку адресите за електронска пошта на членовите на Деканатската управа.

Одредбите од овој Деловник кои се однесуваат на работата и одлучувањето на Наставно-научниот совет, соодветно се применуваат и во постапката за работа и одлучување на Деканатската управа.

**Институти и Сеизмолошка опсерваторија, работни и стручни тела и комисиина Факултетот**

Член 34

Институтите и Сеизмолошката опсерваторија, работните и стручните тела и комисиитена Факултетот,утврдени со овој Деловник, проучуваат и изготвуваат

материјали, даваат предлози, мислења и др. за прашањата од нивниот делокруг.

Наставно-научниот совет, по потреба, за одредени актуелни состојби и изготвување материјали формира повремени комисии и други работни тела, сочочно определена содржина, рок и состав содржани во актот за нивното формирање.

Член 35

Одредбите од овој Деловник кои се однесуваат на работата и одлучувањето на Наставно-научниот совет, соодветно се применуваат и во постапката за работа и одлучување на институтите и Сеизмолошката опсерваторија, работните и стручните тела и комисиитена Факултетот.

Во случаи на итност, кога за прашањето/та од дневниот ред може да се гласа недвосмислено и без расправа, органите и телата на Факултетот може да одржат и електронска седница.

**Завршни одредби**

Член 36

Постапката за изменување и дополнување на овој Деловник е иста како и неговото донесување.

Толкување на одредбите на овој Деловник дава Наставно-научниот совет на Факултетот.

Член 37

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото објавување во Универзитетски гласник.

**Декан**
**Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, с.р.**